# З А П И С Н И К
# од 395-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 22.02.2022, вторник во 10:10 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Киро Здравев**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Зоран Теофиловски**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Гордана Спиреска**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член
- **Весна Дамева**, член

Отсутни членови:

- **Лорета Горгиева**, член
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Љубиша Арсиќ**, државен советник
- **Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција Сите за правично судење**
- Претставник од **Институт за човекови права**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 395-та седница.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска предлог Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записник од 389-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.12.2021 година;

2. Разгледување на Годишен извештај за работа на судовите во РСМ за 2021 година;

3. Донесување на одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кочани поради навршени 60 години старост;

4. Донесување на одлука за времено упатување на судија за вршење на судиската функција во Основен суд Кавадарци;

5. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд;

6. Одлучување по известувања на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и

7. Разно.

## Точка 1

[Усвојување на записник од 389-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.12.2021 година]

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска, отвори расправа по Записник од 389-та седница на Судскиот совет на РСМ од 06.12.2021 година.

За збор се јави претседателот на Советот Павлина Црвенковска и истакна забелешка:

-на страна 13, параграф 3, ред 14 од записникот по зборовите „мислење од“ се додава зборот „поранешни“.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска записникот од 389-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

## Точка 2

[Разгледување на Годишен извештај за работа на судовите во РСМ за 2021 година]

По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Киро Здравев во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд Скопје и основните судови основани на неговото подрачје и Апелациониот суд Гостивар и основните судови основани на неговото подрачје.

Членот на Советот Киро Здравев ја презентираше следната состојба:

**Врховниот суд на Република Македонија** месец јануари 2021 година го започнал со нерешени 943 предмети, примил во работа нови 4816 предмети, и имал вкупно во работа 5759

предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4803, а останале на крајот на 2021 година нерешени 956 предмети.
Според наведените податоци Врховниот суд на Република Македонија не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 13 предмети.
Во 2021 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како НЕАЖУРЕН.
Во 2020 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како АЖУРЕН.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа:

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека врз основа на податоците од Годишниот извештај доставен од страна на Врховниот суд произлегува дека Врховниот суд го совладал приливот и намалил заостатокот на предмети што го чини судот ажурен.

Од тие причини побара доколку нема пречка да се ажурира извештајот на Судскиот совет и корегираат неправилностите.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и појасни дека постои разлика во однос на извештаите кои што судовите ги доставуваат до Судскиот совет и податоците кои согласно АКМИС ситемот ги добива Судскиот совет. Судовите не ги вметнуваат во нивните извештаи предметите Су. бр. односно предмети по кои постапува и претседателот на судот и тука е разликата. АКМИС систем ги исфрла сите предмети, значи во Годишниот извештај влегуваат сите предмети кои согласно судскиот деловник се заведени во судот и затоа се јавува таа разлика. Можеби разликата не е во нормираните предмети можеби, останало нешто неодговорено административно, меѓутоа факт е дека тоа административно сега го прави судот како неажурен.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и појасни дека извештајот конкретно се однесува за целокупната работа на

Врховниот суд, а исто така и по однос на работењето на судската управа.

Побара повторно да се проверат податоците.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека со оглед на тоа што се јавува разлика, несовпаѓање помеѓу извештајот кој е доставен од Врховниот суд и податоците од Судскиот совет во текот на денот Врховниот суд ќе провери и извести зошто е таа разлика од 13 предмети. Според податоците со кои располага предмети заведени под Су. бр.  до крајот на годинита нема останато во работа. Се сложи со колега Киро Здравев дека тие 13 предмети можеби се административни, но тие не се вина на Врховниот суд, тоа е постапување на пониските судови, односно на основните судови. Констатира дека мора да се избалансира на начин на кој ќе соодејствуваат двата извештаи. Повтори дека Врховниот суд ќе ја провери состојбата и извести за истата.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека разлика не се јавува само во Врховниот суд, за проблемот алармира две години наназад, запознат е и поранешниот претседател на Судскиот совет. Во повеќето извештаи наведува да се направи усогласување, меѓутоа нема резултат по однос на тоа. Истакна дека се повторува грешката и мора Советот да изнајде начин. Наведе дека како член на Комисија за статистички податоци, за информатика и анализа укажано е на службеникот задолжен за таа проблематика, одржани се неколку состаноци, меѓутоа проблемот не е надминат. Истакна дека се јавува проблем генерално барем во судови кои ги анализирала, но штом се споменува и Врховниот значи се повторува проблемот. Констатира дека мора да се изнајде во иднина решение за тој проблем.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека проблемот не трае 2 години туку 8 години наназад, од кога е член на Советот. Секогаш постоело неусогласување на извештаите што ги доставуваат судовите и тоа што се добива како податок од АКМИС системот, но секој пат Судски совет дава кредибилитет на податоците добиени од АКМИС

системот. Генерално кога се усвојуваат извештаите нема усогласеност, во последно време помалку од претходно.

Истакна дека може да се изнајде решение, на начин што пред да се стават извештаите на седница за усвојување да се компариат извештаите и со судовите да се лоцираат проблемите.

Предложи овој извештај да се усвои со податоците добиени од АКМИС системот.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и даде дополнително појаснување дека согласно извештајот за Врховниот суд останале нерешени на почетокот на извештајниот период 943 предмети кои многу лесно можат да се најдат бидејќи се наведени по видови и по основи. Биле примени 4816 предмети, вкупно во работа 5759 предмети од кои решени 4803 предмети, а останале нерешени 956 предмети. Тоа е извештајот за Врховниот суд, комплет со сите предмети, меѓу другото и жалби против одлуки на Судски совет. Сета работа на Врховниот суд содржана во табела.

Друго е прашањето за нормирани и ненормирани предмети. Тоа е многу интересно за анализа за да може да се види ефектот на самиот судија, бидејќи нормираните предемети се однесуваат на работа на судиите согласно Годишна одлука на Советот за определување на просечната месечна норма за решавање на предмети. Во извештајот е таксативно многу прецизно наведено за кои предмети се однесува и каде се јавува разликата.

Значи и извештајот на Врховниот суд е точен, меѓутоа извештајот на Судскиот совет е уште по точен и по прецизен. Мора да се посвети внимание за имплементација на стратегијата за развој на човечките ресурси. Доставени се податоци посебно на ниво на судство во државата, посебно на ниво на судови, посебно за секој судија, за да може бидејќи се има обврска меѓудругото да се изработи анализа за трговските спорови. Затоа тековната година е детализирана за да може да се направи еден чекор понапред по однос на имплементацијата на документите којшто се од значење за понатамошниот развој на судството во РСМ.

Гарантира за точноста на податоците и останатите ќе увидат и ја воочат разликата. Разликата е во извештаите кои ги доставуваат судовите кои се сочиниети од два дела, сите предмети и судска

управа и судовите даваат податок за сите предмети, а не и за судската управа, додека АКМИС системот дава комплетни податоци.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека според Годишниот извештај на Врховниот суд произлегува дека судот е ажурен. Според податоците од Судскиот совет произлегува дека Врховниот суд е неажурен. Се јавува разлика во однос на 13 предмети.

Го постави прашањето дали има можност тоа да се регулира бидејќи и Врховниот суд податоците ги прибавува и се храни од АКМИС системот?

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и предложи да се донесе заклучок поради неусогласеностите што постојат помеѓу Годишниот извештајот доставен од Врховниот суд и податоците со кои располага Советот од АКМИС системот во однос на решени, нерешени и предмети на судска управа кои се многу битни бидејќи влијаат и се основа за оценувањето на работата на претседателот на судот во тој дел да не се одлучува и да се одржи состанок помеѓу координаторот за Врховниот суд, одговорното лице за водење на статистика во Советот, претседателката на Врховниот суд и одговорно лице од ИТ Центарот на Врховен суд.

Наведе дека Годишен извештај за работата на судовите се носи бидејќи врз основа него потоа се изработува Годишниот извештајот на Судскиот совет кој што потоа се доставува во Собранието на РСМ. Тоа се податоци кој што пратениците во собранието ги разгледуваат.

Истакна дека ако постои некакво недоразбирање да се направи обид да се отстрани.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека мора да се усвојат Годишните извештаи без корекции, затоа што Советот има усвоено 4 квартални извештаи и Годишниот извештај мора да е усогласен со нив. Годишен извештај мора да помине така како што е предложен.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека ако имало неусогласувања требало да се укаже на нив на седницата на која не присуствувала, кога се усвоиле извештаите од последниот квартален извештај.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и истакна дека кога се разгледувани квартални извештаи не биле презентирани такви податоци.

Исто така наведе дека Врховниот суд не ги разгледува извештаите на квартално ниво.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и појасни дека кварталот се однесува за три месеци. Сега се презентираат финалните податоци сумирани од целата година.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и го постави прашањето на што се однесува разликата од 13 предмети?

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и посака да се надоврзе на дискусијата на заменикот претседател. Точно дека Советот мора да го усвои Годишниот извештај таков како што е, бидејќи ако се даде простор за усогласување на Врховен суд едно што нема да се усогласи друго, колешката Весна изјавила дека ваква разлика се јавува во повеќе судови години наназад.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека говори од искуство кога ќе каже дека координаторите ќе следат и на крај ќе се констатира дека податоците од АКМИС системот се точни. Не случајно Судскиот совет 8 години наназад се среќава со вакви проблеми. Одржани се средби и на крајот произлегува дека АКМИС системот прецизно евидентира се.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и го постави прашањето зошто не се евидентира во

Врховниот суд кога претседателката на судот тврди дека Врховниот суд исто така се води од АКМИС системот?

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** наведе дека заблудата е во тоа што и Врховниот суд ги црпи податоците од АКМИС системот, но податоците генерирани во Советот од страна на АКМИС системот го опфаќаат целокупното работење на судовите и од таа причини се најпрецизни.

Се сложи да се состанат индивидуални групи со судовите но, говори од пракса, од искуство грешката и застојот ќе се лоцира во судовите!

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека треба да се цени 8 годишното искуство на заменик претседателот на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе дека судовите треба да ги доставуваат комплет податоците. Во АКМИС системот ги има сите податоци, а во извештаите кои се доставуваат до Советот недостасуваат податоци за одредени предмети и затоа се јавува таа разлика.

Повтори дека при претходна анализа за работењето на Основен граѓански суд податоците вкупно примени, решени се презентираат на посебна табела, не се презентираат во вкупно останати нерешени, примени, вкупно во работа, решени и останати нерешени и тука се јавува разликата.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека во интерес на Судскиот совет е судовите да се ажурни. Не е првапат да учествува на седница од таков карактер и го ценам искуството на заменик претседателот на Советот меѓутоа, во дилема е дали е мудро при такво несовпаѓање да се усвои извештајот, без оглед на тоа што квартално се усвојувани извештаите од Судскиот совет. Истакна дека ист интерес има, иста цел да судовите бидат ажурни и не само Врховниот суд туку и останатите судови. Мора да се лоцира и реши проблемот, а не со гласање да се заобиколи.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше на членот на Советот Беса Адеми дека се дискутира за да се изнајде најсоодветно решение.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и го постави прашањето дали податоците кои ги доставува Врховен суд до Судски совет се точни согласно АКМИС системот, затоа што произлегува дека од ист систем не се добива исти податоци? Истакна дека состојбата мора да се надмине, бидејќи Советот црпи податоци од АКМИС системот и не може тие податоци да не соодвествуваат со податоците во судовите.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека не е спорно дека во судовите до најмали детали, буквално секој спис се евидентира во АКМИС системот. Бидејќи Советот исклучиво добива податоци од АКМИС системот можеби треба да се побара од претседателите на судовите да се произнесат во што се состои и каде се јавува разлика.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** наведе дека мора да се надмине проблемот, не може да се прифатат различни податоци. Во контекст на изнесеното од колегата Сашко Георгиев истакна дека пред 2 години кога е детектиран проблемот во соработка со претседателот на Основен кривичен суд, одговорниот служеник за статистика во судот е пратен во Советот каде се одржани 3-4 состаноци со одговорниот службеник за статистика во Советот но, едноставно не се изнашло решение.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и го постави прашањето што произлегло од тие средби, каде е проблемот? Ако АКМИС системот е ист, исфрла исти податоци аналогно на тоа треба да бидат идентични податоците и во Судскиот совет и во судовите!

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и реплицираше дека во линија на изложеното од судија Киро Здравев проблемот е во тоа што нешто не се евидентира. Истакна дека

Работната група дискутирала за проблематиката и на крај не се изнашло решение.

Наведе дека не може Советот да прифати таква состојба бидејќи извештаите ќе бидат грешни, дали за застарени, за стари предмети итн., секаде има несовпаѓање, не е проблем само со Врховниот суд.

Истакна дека нема да се реши проблемот со претседателите на судовите, ќе треба проблемот практично да се реши, одговорниот службеник за статистика во Советот да оди од суд до суд.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и го постави прашањето дали вакво несовпаѓање постои и кај другите судови? Ги повика координаторите да наведат, со исклучок на координаторот за Врховниот суд.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и реплицираше дека во моментот нема направено компарација бидејќи верува во точноста на податоците.

Наведе дека во моментот кога се наметнало како проблем се навраќа наназад проблемот што се има констатирано во многу извештаи кои што не се разгледани на седница на Советот. Укажа дека за тоа е запознат и поранешниот претседател, работено е на проблемот.

Истакна дека доколку се повлече како точка од дневниот ред, ако не се усвои Годишниот извештај за работата на судовите ќе се анализираат тогаш податоците еден по еден.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека се сложува да се повлече точката од дневен ред и да се компарираат податоците. Се надева дека греши но, податоците ќе се 100% точни.

Посочи пример со Основниот суд Прилеп во врска со застарени предмети. Од податоците со кои располага Советот се утврдило постоење на застарени предмети, а во судот се тврдело спротивното. При одржана средба помеѓу информатичарите од Советот и од судот проблемот е лоциран во судот.

Истакна дека говори од искуство, од пракса, не една група, 10 групи се состанале и се нема изнајдено решение. Не би се оставил проблемот доколку постои решение.

Посочи дека ако се направи контрола ќе произлезе административно техничка грешка во Врховниот суд или во останатите судови. Наведе да се формираат комисии па ќе се увидат тврдењата.

Во интерес на времето се сложи да се тргне точката од дневен ред, а до наредната седница комисиите активно да работат на изнаоѓање решение.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека ако е грешката во АКМИС системот во Врховен суд ќе инсистира тоа да се исправи. Не смее да се дозволи во Врховниот суд да има грешка ако тоа технички административно може да се корегира.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе дека нема време да се пролонгира. Станува збор за многу обемна работа, прво службите завршија обемна работа. Од Годишните извештаи за судовите зависи изготвувањето на Годишниот извештај за Судскиот совет. Од тоа понатаму зависи и имплементацијата на Стратегијата за развој на човечките ресурси. Бројот на предмети, приливот на предмети, бројот на судии, месечната ориентациона норма и да се утврди дали има потреба од повеќе или помалку судии. Тоа го бара и Европската комисија.

Податоци се добиени од АКМИС системот и Судскиот совет работи по АКМИС системот и убеден е дека се работи за техничка грешка во судовите. Тоа е увидено и од анализата на Основниот граѓански суд, грешката е направена во судот, а не е во Судски совет. АКМИС системот работи онака како што е програмиран. Што ќе се внесе во судовите, тоа го дава и АКМИС системот.

Предложи да се продолжи понатаму со работа по однос на Годишните извештаи за судовите, да се усвојат бидејќи времето гази.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека од страна на Советот е испратено

циркуларно писмо со задолжување до сите судови до 15 јануари да се доставaт Годишните извештаи.

Образложи дека Годишните извештаи за судовите се доставени доцна на тековната седница заради доцнење на судовите.

Наведе дека кога се бранел претходниот Годишен извештај на Советот пред пратениците во Собранието на РСМ истакната е забелешка зошто Советот доцни со извештајот. Советот доцни со својот Годишен извештај бидејќи е врзан со Годишните извештаите на судовите. Од тие причини Годишниот извештај за судовите треба што побрзо да се усвои за Годишниот извештај на Советот да биде изготвен и испратен во Собранието на РСМ.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и предложи да се повлече точката од дневниот ред, во деновите што следат да се работи интензивно ако може да се изнајде решение и сегашната точка да се одложи за 28-ми февруари.

На мислење е дека подобро е 7 дена да се пролонгира отколку да се дојде во заблуда дека некои судови биле ажурни, а се прогласени за неажурни, дека нешто чкрипи во АКМИС системот итн.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и предложи да се затвори дискусијата и да се врати на првобитниот заклучок кој сега би се проширил. Објаснето е од каде потекнува итноста за разгледување и усвојување на Годишните извештаи на судовите но, не може да се усвои Годишен извештај за работа на судови за кој што од некоја страна постои сомнеж дека не е точен и тој сомнеж треба да се расчисти. Во таа насока предложи да се одржи состанок со координаторот на судот, со претседателот, со информатичарот, со одговорното лице за статистика во Советот, да се одложи точката од дневен ред и за 7 дена повторно да се разгледаат Годишните извештаи за судовите.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не може за 7 дена да се реши проблем што 8 години се

провлекува. Укажа дека може да се констатира дали има грешка во извештаите што се доставени од судовите.

Истакна дека има изготвено и доставено Годишни извештаи за сите судови со кои координира. Постави прашање ако се констатира грешка како може за 7 дена да се исправи кога Годишните извештаи за судовите се изготвени и од страна на судовите и од страна на Советот? Истакна дека може да се констатира грешка, да се прифатат податоците од Советот и понатаму да се решава проблемот. Наведе дека тоа е темелен проблем што не може во моментот да се исправа. Констатираше дека ниту може претседателот на судот да го исправи неговиот Годишен извештај кој е доставен, ниту координаторот за судот може да го исправи сопствениот извештај. Наведе дека говори од практични причини дека за 7 дена 24 часа да се заедно нема да се реши проблемот, може да се констатира, а во иднина да се надминува.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека не може да констатирам дека не точен Годишниот извештај.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и предложи со оглед дека сите координатори располагаат со Годишните извештаи од судовите во рок од половина час да се направи проверка дали соодвествуваат со податоците со кои располага Советот. Доколку се констатираат проблеми и во други судови да се разгледаат и направи одбид да се надминат, во спротивно согласно предлогот на претседателот на Советот да се формира Комисија која ќе ја утврди причината за неусогласеноста со податоците од Врховниот суд.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека верува на податоците од извештај со кој располага. Верува дека има и други координатори кој што во моментот не би можеле да истакнат дали има разлики.

Побара во интерес на времето да се прифати предлогот на заменик претседателот на Советот до вторник да се извршат проверки и да се извести за констатираната состојбата.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека Годишниот извештај за работа на судовите во државата е многу важен извештај и кога има сомнежи, постојат околности кои укажуваат на нешто друго не може да се усвои на тековната седница.

Предложи да се одложи точката од дневниот ред за следната седница на која за дневен ред се претставки и упати молба сите координатори уште еднаш да ги компарираат податоците што ги имаат добиено со податоците од АКМСИ системот.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесен следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се одлага втората точка од дневниот ред од 395-та седница - Разгледување на Годишниот извештај за работата на судовите за 2021 година за наредна седница поради потребата од страна на координаторите за следење на работата на судовите во РСМ да се направи проверка бидејќи при разгледување на извештајот се констатира неусогласеност на податоците од ЈКМИС системот во Судскиот совет на Република Северна Македонија содржани во Годишниот извештај за работата на судовите и податоците од АКМИС системот во судовите.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска **КОНСТАТИРА** дека е донесен следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Поради неусогласеност на податоците од ЈКМИС системот во Судскиот совет на Република Северна Македонија содржани во Годишниот извештај за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2021 година и податоците од АКМИС системот во судовите и надминување на ваквата состојба да се одржи состанок помеѓу координаторот на Врховниот суд на РСМ-Ханиф Зендели, претседателот на Врховниот суд на РСМ-Беса Адеми, лицето задолжено за аналитика и статистика во Судскиот совет на РСМ-Зоран Тапчановски и информатичарот во Врховниот суд на РСМ.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

**[**Донесување на одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кочани поради навршени 60 години старост**]**

По повод 3-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Зоран Теофиловски во својство на координатор на Основниот суд Кочани.

Членот на Советот Зоран Теофиловски информираше дека согласно член 36 став 1 алинеа 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да избира и разрешува судии-поротници.

Советот согласно член 53 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија , избира и разрешува судии-поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Согласно чл.26 ст.2 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија,членот на Советот кој со Годишниот распоред за работа на Советот е одговорен за соодветниот суд, врши проверка на законитоста на предлогот од член 53 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Согласно чл.80 ст.1 алинеја 5 од Законот за судови, на судија-поротник му престанува функцијата со навршување 60 години старост.

Претседателот на Основниот суд Кочани со допис Су-380/22 од 27.01.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 02-205/1 од 31.01.2022 година, достави предлог до Советот, судијата поротник:

| БР. ПО СУД | ИМЕ | ТАТКОВО ИМЕ | ПРЕЗИМЕ | ДАТУМ НА РАЃАЊЕ | ДАТУМ НА ИСТЕК НА МАНДАТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стојанка | Стојан | Скалова | 29.01.1962 | 26.02.2025 |

да биде разрешена од функцијата,бидејќи на ден 29.01.2022 година навршува 60 години старост.

Координаторот за Основен суд Кочани Зоран Теофиловски, по разгледување на предлогот за разрешување и извршениот увид во Регистерот на судии поротници, констатира дека судијата поротник во Основниот суд Кочани Стојанка Стојан Скалова на 29.01.2022 година навршува 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите и престанува функцијата судија-поротник. Од таа причина му предлага на Советот на првата наредна седица да ја разреши Стојанка Стојан Скалова од функција судија-поротник во Основен суд Кочани.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Се констатира престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кочани за:

1. Стојанка Скалова од Кочани.

Оваа одлука влегува во сила од 22.02.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

**[**Донесување на одлука за времено упатување на судија за вршење на судиската функција во Основен суд Кавадарци**]**

По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Гордана Спиреска во својство на координатор на Основниот суд во Кавадарци.

Членот на Советот Гордана Спиреска информираше дека моменталната состојба во Основниот суд Кавадарци е таква што судиската функција во судот ја извршуваат само шест судии од кој еден е делегираниот судија Дара Арсова која е делегирана во Основниот суд Кавадарци од Основниот суд Велес од 15.03.2021 година за времетраење од 1 година.

Во меѓувреме Советот избира еден судија од Академците, судијата Ева Димитров Кузев, но таа е на породилно боледување. Треба да се врати на работа во периодот август-септември 2021 година меѓутоа, поради здравствени проблеми потребно е подолготрајно боледување како би се удоволиле потребите на нејзиното дете. Судијата е избрана, но сеуште не почнала да ја врши судиската функција.

Исто така судијата Ленче Делипетрова Атанасова почесто отсуствува од работа, а заминува во пензија во првата половина од 2022 година.

Состојбата е уште повеќе алармантна и поради недостиг на стручни и административни работници во судот, па поради тоа судиите се приморани сами да судат и да ги вршат административните работи.

Се работи за суд со проширена надлежност кој има зголемен обем на предмети и поради недостаток и на судии и на стручен кадар со огромно залагање на судиите се совладува приливот.

Претседателот на Основниот суд Кавадарци бара двајца судии, меѓутоа заради состојбата во судството во општо Советот не е во можност да делегира двајца судии.

Судијата Дара Арсова која и претходно е делегирана и делегирањето трае до 16.03.2022 година треба повторно да се делегира за времетрање од една година, за што има согласност од судијата. Исто така во координација со претседателот на Основниот суд во Велес утврдено е дека нема пречка судот во Велес да ја извршува својата функција со еден судија помалку.

Предложи Дара Арсова судија на Основен суд Велес времено да се упати во Основниот суд Кавадарци за период од 1 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Дара Арсова, судија на Основниот суд Велес, ВРЕМЕНО СЕ УПАТУВА ЗА ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА во Основниот суд Кавадарци**, сметано од 16.03.2022 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За временото упатување да се извести претседателот на Основниот суд Велес и претседателот на Основниот суд Кавадарци.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

## Точка 5

[Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд]

Врз основа на чл. 39 ст. 2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Павлина Црвенковска предложи за 5-та и 6-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја **ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА** од седницата за 5-та и 6-та точка од дневниот ред.

Се **КОНСТАТИРА** дека претставникот од Коалиција Сите за правично судење ја напушти седницата.

Се **КОНСТАТИРА** дека претставникот од Институт за човекови права ја напушти седницата.

## Точка 6

[Одлучување по известувања на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд]

## Точка 7

[Разно]

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска **КОНСТАТИРА** дека членот на Советот Беса Адеми е **ПРИСУТНА** на седницата.

По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека во врска со поднесените барања од Советот до Врховниот суд и до Апелационите судови по однос на невоедначената судска пракса по однос на казнената политика за изречени санкции за кривични дела од областа на сообраќајот посебно за кривичното дело тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл. 300 ст. 4 в.в. со чл. 297 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ доставени се одговори од судовите освен од Апелационен суд Скопје.

Во таа насока претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека во материјалите за седница доставен е извештај од Апелациониот суд Битола и може да се увиди како се движи казнената политика на ниво на тој Апелационен суд.

Исто така доставени се 34 пресуди од Апелациониот суд Штип кои се однесуваат исклучиво на чл. 300 од КЗ, тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот за периодот 2020 и 2021 година. 7 предмети се однесуваат за чл. 300 ст. 1 од КЗ, кога со умисла е извршено кривичното дело, а последици се тешки телесни повреди или поголема имотна штета. 7 предмети за кривичното дело од чл. 300 ст. 2 од КЗ, кога настапила смртна последица, а кривичното дело е сторено со умисла. 14 предмети од чл. 300 ст. 3 од КЗ, од небрежност предизвикани тешки телесни

повреди. 6 пресуди кои се однесуваат за чл. 300 ст. 4 од КЗ, кога настапила смрттна последица од небрежност.

Нема податоци за Апелационен суд Гостивар и за Апелациониот суд Скопје меѓутоа, од споредбата на податоците за Апелационен суд Битола и Апелационен суд Штип може да се заклучи дека конкретно на Апелационото подрачје Штип во 2 случаи за кривичното дело од чл. 300 ст. 1 од КЗ, кога со умисла е сторено кривичното дело, а последица била тешки телесни повреди се изречени условни осуди, а во 1 случај кога настапила смрт од небрежност изречена е условна осуда.

Состојбата во Битолското апелационо подрачје е следна, 3 пресуди каде што е изречена условна осуда за кривичното дело од чл. 300 ст. 1 од КЗ и 1 условна осуда изречена за кривичното дело од чл. 300 ст. 4 од КЗ.

Другите случаи се во рамките на казнената политика која е пракса во државата години наназад. Кој биле причините за овие неколку изолирани случаи не е познато. Инаку, во однос на Апелациониот суд Штип врз основа на доставените пресуди се утврди дека овој суд во повеќе случаи ја има преиначено првостепената пресуда на начин што наместо условна осуда изрекол ефективна казна затвор. Нема точна бројка, но се побројни и се за поздравување. Исто така во овој суд утврдено е дека има тенденција во последно време наместо условна осуда да се изрекува парична казна што е многу подобро во однос на казнената политика и превензијата затоа што кога се парите во прашање луѓето многу повеќе ги „боли“ отколку некаков услов, секако каде што има законски услови за тоа.

Во однос на Апелациониот суд Битола не може да се направи таква споредба иако судот ја заострува казнената политика. Меѓутоа, факт е дека за кривичното дело каде има смртна последица освен двата случи претходно споменати во двете апелациони подрачја во сите други случаи се изрекува казна затвор. На Апелационо подрачје Штип дури кога и од небрежност се предизвикува телесна повреда има неколку случаи кога е изречена казна затвор. Така да не може да се каже дека казнената политика е блага. Посебно тоа важи за Апелационото подрачје Штип.

Вреди да се спомене и дека во однос на кривчното дело од чл. 300 ст. 2 од КЗ кога со умисла е предизвикана смртна последица нема случаи да е изречена условна осуда. Редовна е праксата со изрекување казна затвор и тоа со повисоки казни. Истата состојба е и во Апелациониот суд Битола.

Единствено како забелешка е благоста во однос на случаи кои се однесуваат за чл. 300 ст. 3 од КЗ, каде редовно се изрекуваат условни осуди, има неколку парични казни и чуди на пример кои се тие толку олеснувачки околности што го прават кривичното дело лесно, па за сторено кривично дело со умисла, а тоа е најчесто под дејство на алкохол некој да добие условна осуда, да не говориме таму каде што има смрттна последица. Тука навистина се отстапува од редовната пракса во кривичната материја за овие дела во однос на тоа како судовите постапувале десетици години station наназад.

Поблага е казнената политика на Апелационо подрачје Битола во однос на Апелационо подрачје Штип.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе дека најпрвин треба да се внимава Судскиот совет да не се впушта во коментар на судските одлуки.

Следно, согласно чл. 101 од Уставот на РСМ Врховниот суд како највисок суд е надлежен за обезбедување на единство во примена на законите, односно воедначување на судската практика. Судскиот совет неколку пати се обраќа до Врховниот суд и во повратниот одговор меѓудругото се наведува „Со оглед на наведеното за воедначување на судската пракса потребно е делотворно преиспитување на наводни повреди при што не е доволно да се укаже само декларативно без посочувања на конкретни одлуки за конкретни судови за различна судска пракса по казнената сфера.“.

Од таа причина побарани се податоци од сите Апелациони подрачја. Апелационото подрачје Битола и Штип ги достави бараните податоци. Врховниот суд може да ги прибави потребните податоци и од останатите две подрачја и да спроведе анализа. Тоа е обврската на Врховниот суд, на Одделот за воедначување на судската практика да утврди дали казнената политика е воедначена или не.

Бидејќи јавноста во голема мера е заинтересирана за таа проблематика па дури произлезени се некои предлози за измени на законската одредба по однос на утврдувањето на битието на кривично дело и заострувањето на казнена политика. Сепак, мислењата се поделени, еден дел се на мнението дека е доволно само воедначување на судската практика, а другиот дел смета дека треба да се заостри казнената политика со тоа што ќе се извршат измени и дополнувања на конкретната законска одредба.

По однос на конкретното кривично дело созреани се условите да Одделот за воедначување на судска практика на Врховниот суд организира советување на таа тема. Не како задолжение од Судскиот совет, туку како обврска наметната од граѓаните и јавноста во државата, бидејќи не изминува недела да не се укаже на различна судска практика и да не е актуелно прашањето во медиумите. На тој начин Врховниот суд ќе добие во очите граѓаните дека Врховниот суд ја исполнува одредбата од чл. 101 од Уставот на РСМ, врши воедначување на судската практика. На состанокот, конференцијата или семинарот ќе се увидат проблемите зошто на едно апелационо подрачје се изрекуваат различни санкции, дали е тоа оправдано или не. Колешката Мери Редевска подетално навлегува во одлуките и констатира дека казнената политика на Апелационото подрачје Штип е по заострена во споредба со казнената политика на ниво на Апелационо подрачје Битола. Тоа е задачата на Врховниот суд.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека делумно се согласува со произнесувањето на судијата Киро Здравев. Се согласи во делот дека Судски совет не смее да ги коментира судските одлуки. Точно е дека се поднесени 2 барања од Судскиот совет. Првото 2020 година, но тогаш има ВД претседател и не се преземени дејствија, и второто барање сега. Последното барање е препратено од претседателот на Врховниот суд до претседателот на Одделот за казниви дела и претседателот на Одделот за судска практика. И двата претседатели на Одделите имаат доставено известувања до Судскиот совет.

Точно е дека чл. 101 од Уставот на РСМ го дефинира прашањето дека Врховниот суд е надлежен за воедначување на

судската практика, но не треба да се заборави на Законот за судови и Деловникот за работа на Врховниот суд кој што е донесен пред нова година, после 25 години.

Ниту еден оддел на Врховниот суд не може да преземе никаква активност ако нема добиено различни одлуки. Одделот за казниви дела, Одделот за судска практика, Одделот за граѓански дела, сите три оддела во постапувањето се врзани со Законот за судови, со Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд. Одделите не може да постапуваат ако не се достават различни одлуки. Само тогаш има ингеренции. Не може да се отстапи од таа ингеренција, таа судска практика на Врховниот суд како Општа седица или седница на Оддел.

Се согласи со судијата Киро Здравев дека Врховниот суд има ингеренции да организира работилници и во тек се преговори со судовите и со претседателите на Апелационите судови и наскоро ќе се одржи средба по однос на тоа прашање.

Меѓутоа, Врховен суд не е во можност да прави анализа како што бара Советот затоа што ниту Законот ниту пак Деловникот не го дозволува тоа. Само доколку некој суд, судија иницира и доставува различни одлуки, од ист суд, од ист совет, не битно.

Ограничен е Врховниот суд. Затоа известувањето доставено од Врховниот суд е многу коректно и професионално, на ниво на Врховен судија. Премногу се работи во Врховен суд и се воедначува судската практика. Има извештај, 7 начелни правни мислење се донесени 2021 година, донесени се безброј правни мислење, безброј заклучоци. Одделот за судска практика и Одделот за казниви дела би се впуштиле во работа доколку има основ да се впуштат.

Во тек се договори со апелационите судови да се организира работилница, тука Врховниот суд има надлежност. Меѓутоа, не може да се впушти во анализа бидејќи им се „врзани рацете“. Членот 101 од Уставот на РСМ не може самостојно да се гледа без Законот за судови чл. 37 ст. 1 и Деловникот за работа на Врховниот суд, каде е наведено во кој ситуации одделите постапуваат.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе дека претседателот на Врховен суд во моментот располага со

податоци од Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Штип. За преостанатите податоци треба да се обрати до Апелациониот суд Скопје и Апелациониот суд Гостивар.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека материјалите не се доставени до Врховниот суд. Врховниот суд не бара материјали, освен ако има некакви индиции. Не може да се убедуваат судиите на Врховниот суд да постапуваат надвор од Законот за судови и Деловникот за работа на Врховниот суд.

Претседателот на Врховниот суд материјалите од седница на Советот ги добива во својство на член на Советот. Врховниот суд треба официјално да ги добие материјалите од пониските судови за да можат Одделот за казниви дела и Одделот за судска практика да донесат одлука, а ако доколку таму не се постигне мнозинство, одлуката ќе се донесе на Општа седница на Врховниот суд.

Откако никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска **КОНСТАТИРА** дека материјалите од 1-та потточка од 7-та точка од дневен ред со официјален допис да се испратат до Врховниот суд да постапи согласно своите надлежности согласно Уставот на РСМ, Законот за судовите и Деловникот за работа на Врховниот суд.

По повод следната потточка претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека во согласност со член 124 став 2 од Закон за нотаријатот Дисциплински орган на Комората е Дисциплинскиот совет составен од пет члена и нивни заменици со мандат од две години, без право на повторен избор. Два члена и нивни заменици од редот на судиите по предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија, еден член и негов заменик од редот на јавните обвинители по предлог на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и два члена и нивни заменици од редот на нотарите ги избира Собранието на Комората.

Со оглед на тоа дека наскоро им истекува мандатот на сегашниот состав на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на РСМ потребно е Судскиот совет на Република Северна

Македонија да се достави предлог два члена и нивни заменици од редот на судиите.

Во таа насока претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и ги предложи судиите:

**Субхи Јакупи**, судија на Вишиот управен суд за член на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на РСМ и

**Ѓилсиме Шабани**, судија на Основен суд Куманово за заменик член на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на РСМ.

За збор се јави членот на Советот **Гордана Спиреска** и ги предложи судиите:

**Антоанета Димовска**, судија на Основен граѓански суд Скопје за член на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на РСМ и

**Љубица Колиќ,** судија на Основен граѓански суд Скопје за заменик член на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на РСМ.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлозите ги стави на гласање.

По гласањето **КОНСТАТИРА** дека едногласно, со 12 гласа „За" и ниту еден глас „Против" **ПРЕДЛОЗИТЕ СЕ УСВОЕНИ**.

По повод следната потточка претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека во согласност со член 11 став 2 од Закон за нотаријатот Конкурсот за именување на нотари го распишува Министерството, а го спроведува Комората која за таа цел формира комисија составена од пет члена од Комората од кои два члена од Комората, еден член од Судскиот совет на Република

Северна Македонија, еден член од Академијата за судии и јавни обвинители и еден Универзитетски професор од правните факултети акредитирани во Република Северна Македонија, применувајќи ги начелото на соодветна и правична застапеност.

Мандатот на сегашната Комисија за спроведување на конкурс за именување на Нотари, каде како член од Судскиот совет е г. Селим Адеми веќе истекува, поради што потребно е да биде избран нов состав и Судски совет на Република Северна Македонија да достави предлог еден член од своите редови кој ќе биде именуван за член на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари.

Во таа насока претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и го предложи членот на Советот:

**Миљазим Мустафа** за член на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето **КОНСТАТИРА** дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ **ПРЕДЛОГОТ Е УСВОЕН**.

По повод следната потточка претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека од страна на Академија за судии и  јавни обвинители Павел Шатев, доставено е барање за номинација на член и заменик член на правосудна управувачка група во рамки на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во РСМ (2021-2026).

Во таа насока претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и ги предложи:

Претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** за член правосудна управувачка група и

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** за заменик член правосудна управувачка група.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлозите ги стави на гласање.

По гласањето **КОНСТАТИРА** дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ **ПРЕДЛОЗИТЕ СЕ УСВОЕНИ**.

По повод следната потточка претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата Судскиот совет да изврши дополнение на Годишен план за јавни набавки во 2022 година под точки 5, 6 и 15, групна јавна набавка на информатичка опрема, воздушен кондензатор за чилер и 2 (две) софтверски решенија за укинати предмети и оценување на судии.

Во таа насока претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе номотехнички забелешки на измените и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки од причина што и основниот текст на Годишниот план за јавни набавки и измените и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки по форма се идентични, поточно измените и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки ги опфаќаат и деловите кои не трпат измени.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Судскиот совет го усвои Дополнувањето Годишен план за јавни набавки во 2022 година под точките 5, 6 и 15.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор.

Од тие причини Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 395-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13:15 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска